# Дејгиди Стојне убава




Дејгиди Стојне убава ле тил беше сношти на вода
на погорното кладенче на подолното изворче

Кај што стојеше грејеше ле кај што одеше вејеше
како факлина борина како јасна месечина

Отидов уште погоре ле там најдов китка смилева
на китка велам говорам на китка велам говорам

Вени се китко смилева как што се вени млад јунак
за ѓулчин Стојна убава за ѓулчин Стојна убава

Отидов оште погоре ле там најдов грутка снегова
на грутка велам говорам на грутка велам говорам

Топи се грутко снегова ле как што се топи млад јунак
за ѓулчин Стојна убава как што се топи млад јунак,